**Повик за учесници на обуки за јакнење на капацитетите за мониторинг и застапување на граѓанските организации од Источниот плански регион**

1. **За Фондацијата за развој на локалната заедница Штип**

Фондацијата за развој на локалната заедница Штип (ФРЛЗ) е формирана во декември 2006 и е правен наследник на Центарот за поддршка на НВО Штип. Мисијата на ФРЛЗ е ефективно учество на граѓаните во креирање на јавните политики и нивна доследна имплементација. ФРЛЗ има воспоставено добра соработка со граѓанските организации од Македонија, локални и национални институции, бизнис заедницата и медиумите.

Домашни и странски донатори се партнери на ФРЛЗ во поддршката на развојот на граѓанското општество во Македонија и промоцијата на принципите на владеење на правото и доброто управување. Фондацијата активно работи во секторите: децентрализација, добро управување, владеење на правото, лобирање и застапување, човекови права, транспаретност и отчетност, промоција на филнатропија и др.

Активностите на Фондацијата ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис секторот, активни млади лица, медиумите и донаторите.

2. **За проектот „Ефективен механизам за граѓанско учество“**

Проектот *„Ефективен механизам за граѓанско учество“* го спроведува Фондацијата за развој на локалната заедница Штип во рамки на *Проектот на УСАИД за граѓанско учество*, во периодот 01 март 2018 – 28 февруари 2021 година.

**Главна цел** на проектот е подобување на квалитетот на локалните јавни политики преку зајакнување на капацитетите на општинските совети и локалните граѓански организации за креирање јавни политики и мониторинг.

Целни групи на проектот се членови на општинските совети и граѓански организации од Источниот плански регион.

Крајни корисници се општини и општински совети, локални граѓански организации и граѓани од Источниот плански регион.

3. **За обуките**

Во рамки на оваа активност ќе се спроведат две дводневни обуки и на следниве теми:

- Мониторинг на локалната самоуправа
- Механизми за мониторинг и лобирање и застапување

Целта на обуките е да ги зајакне **капацитетите на граѓанските организации за мониторнинг** на локалните самоуправи и да поттикне **примена на иновативни механизми за застапување** на локални политики.

Во рамки на проектот во периодот од 2019 година ќе се формираат Советодавни тела на општинските совети во општините Виница, Зрновци, Кочани и Штип. **Четири (4) од организациите кои учествуваат во обуките ќе спроведат мониторинг** на работата на Советодавните тела во рамки на општините.

4. **Временска рамка**

Обуките ќе се спроведат во периодот од декември 2018 до март 2019 и тоа: првата тема ќе се спроведе во **декември 2018** година, додека втората тема ќе се спроведе во периодот од **февруари - март 2019** година. Избраните организации ќе бидат известени за точниот датум и локација на обуките.

5. **Право на учество**

Право на учество на обуките имаат граѓански организации од Источниот плански регион кои се **регистрирани најмалку две години и спроведуваат активности во општините Виница, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево и Штип.**

6. **Критериуми за избор**

За учество на обуките организациите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да се регистрирани во горенаведените општини најмалку две години;
- Да имаат искуство во спроведување на активности за мониторинг и застапување на локално ниво;
- Да имаат најмалку 6 активни членови;
- Да покажуваат интерес за спроведување на активности за мониторинг и застапување на локално ниво;
- Да имаат интерес за зајакнување на внатрешните капацитети за мониторинг и застапување на локални политики;

7. **Начин на пријавување**

Заинтересирасните организации за пријавуваат со пополнување на пријавата на следниот линк http://goo.gl/JWicNu, најдоцна до 01.12.2018.